**ОТВОРЕН ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНД**
**ИЛИРИКА КЕШ ФОНД**

**Финансиски извештаи**
**и Извештај на независниот ревизор**
**за периодот од 1 јануари 2020 година**
**до 30 јуни 2020 година**

**СОДРЖИНА:**


| | Страна |
|---|---|
| Извештај на независниот ревизор | 1 - 2 |
| Биланс на состојба или извештај за нето имотот на инвестицискиот фонд | 3 |
| Биланс на успех или извештај за добивката или загубата на фондот | 4 |
| Извештај за промени на нето – имотот | 5 |
| Извештај за паричните текови | 6 |
| Белешки кон финансиските извештаи | 7 – 25 |
| Прилози | |

Ул. 11, Октомври 24-1/4,
1000, Скопје
Жиро сметка: 530010401789938
Даночен број: МК5080015505003
Депонент: Охридска банка АД, Скопје

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР**

**ДО СОПСТВЕНИЦИТЕ НА УДЕЛИ НА ОТВОРЕН ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНД ИЛИРИКА КЕШ ФОНД**

Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи (страна 3 - 25) на ОТВОРЕН ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНД ИЛИРИКА КЕШ ФОНД (во понатамошниот текст “Фондот”), кои се состојат од биланс на состојба или извештај за нето имотот на инвестицискиот фонд на ден 30 јуни 2020 година и биланс на успех или извештај за добивката или загубата на фондот, извештај за промени на нето – имотот и извештај за паричните текови за периодот што завршува на 30 јуни 2020 година, и прегледот на значајни сметководствени политики и останати белешки.

*Одговорност на раководството за финансиските извештаи*

Раководството на Друштвото за управување со Фондот - ИЛИРИКА ФУНД МЕНАЏМЕНТ АД, Скопје (во понатамошниот текст „Раководството“) е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со регулативата на Комисијата за хартии од вредност и сметководствената регулатива која се применува во Република Северна Македонија и интерна контрола за која раководството смета дека е неопходна за подготвување на финансиските извештаи кои не содржат материјално погрешно прикажување, без разлика дали тоа е резултат на измама или грешка.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја извршивме нашата ревизија во согласност со Законот за ревизија и Меѓународните стандарди за ревизија кои се во примена во Република Северна Македонија. Овие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата на начин кој ќе ни овозможи да добиеме разумно уверување дека финансиските извештаи не содржат материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува спроведување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од значајно погрешно прикажување на финансиските извештаи, настанато како резултат на измама или грешка. При проценувањето на овие ризици ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи на Фондот со цел дизајнирање на ревизорски постапки кои што се соодветни на околностите, но не и со цел на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Фондот. Ревизијата исто така вклучува и оценка за соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Веруваме дека ревизорските докази кои ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

(продолжува)

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

## ДО СОПСТВЕНИЦИТЕ НА УДЕЛИ НА ОТВОРЕН ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНД ИЛИРИКА КЕШ ФОНД (продолжение)

*Мислење*

Според наше мислење, финансиските извештаи на ОТВОРЕН ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНД ИЛИРИКА КЕШ ФОНД за периодот што завршува на 30 јуни 2020 година, се подготвени во сите материјални аспекти, во согласност со регулативата на Комисијата за хартии од вредност и сметководствената регулатива која се применува во Република Северна Македонија.

*Обрнување на внимание*

Како што е обелоденето во Белешка 21 кон придружните финансиски извештаи на 30 јули 2020 година беше одржано Собрание на акционери на Друштвото за управување со Фондот на кое беше донесена Одлука за отпочнување на постапка за статусна промена – присоединување на Друштвото за управување со инвестициски фондови ИЛИРИКА ФУНД МЕНАЏМЕНТ АД, Скопје, како друштво што се присоединува кон Друштвото за управување со инвестициски фондови ГЕНЕРАЛИ ИНВЕСТМЕНТС АД, Скопје, како друштво што презема. До датумот на одобрување на овие финансиски извештаи за издавање ова присоединување на Друштвото за управување со Фондот кон друштвото ГЕНЕРАЛИ ИНВЕСТМЕНТС АД, Скопје не беше завршено. Раководството на Друштвото за управување со Фондот очекува дека до крајот на 2020 година Друштвото за управување со Фондот ќе се присоедини кон ГЕНЕРАЛИ ИНВЕСТМЕНТС АД, Скопје. Нашето мислење не е модификувано во однос на ова прашање.

ТП Ранѓеловиќ, Скопје

Ненад Ранѓеловиќ
Управител

Ненад Ранѓеловиќ
Овластен ревизор

Скопје
21 август 2020 година

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА ИЛИ ИЗВЕШТАЈ ЗА НЕТО ИМОТОТ НА ИНВЕСТИЦИСКИОТ ФОНД**
**На ден 30 јуни 2020**
**(Во денари)**

| | Белешка | 30 јуни 2020 | 31 декември 2019 |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Финансиски средства** | | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | 7 | 1,708,824 | 289,796 |
| *Вложувања во хартии од вредност и депозити* | | | |
| Финансиски средства кои се чуваат за тргување | 8 | 84,283,135 | 84,835,380 |
| Вложувања кои се чуваат до доспевање | 9 | 315,825,000 | 260,325,000 |
| Вкупно вложувања во хартии од вредност и депозити | | 401,816,959 | 345,450,176 |
| **Останати средства** | | | |
| Побарувања по основ на камата и останати средства | 10 | 4,008,271 | 2,165,127 |
| | | 4,008,271 | 2,165,127 |
| **Вкупно средства** | | 405,825,230 | 347,615,303 |
| **ОБВРСКИ** | | | |
| **Останати обврски** | | | |
| Обврски по основ на исплата на имателите на удели | 12 | 1,770,811 | 30,000 |
| Обврски кон друштвото за управување со фондови | 11 | 287,056 | 343,985 |
| Обврски кон депозитарната банка | 12 | 107,352 | 128,994 |
| Обврски по основ на дозволени трошоци на фондот | 12 | 59,845 | 70,523 |
| **Вкупно обврски** | | 2,225,064 | 573,502 |
| **Нето имот на Фондот** | | 403,600,166 | 347,041,801 |
| Број на издадени удели | | 336,256.5914 | 291,558.2438 |
| Нето имот по удел | | 1,200.2744 | 1,190.3001 |
| Издадени удели на Фондот | | 8,854,756,465 | 7,742,288,176 |
| Повлечени удели на Фондот | | (8,483,094,711) | (7,423,721,419) |
| Добивка / (загуба) од тековниот период | | 3,463,368 | 6,065,137 |
| Задржана добивка / (загуба) од претходните периоди | | 28,475,044 | 22,409,907 |
| **Вкупно обврски спрема изворите на средства** | | 403,600,166 | 347,041,801 |
| **Вкупно обврски и нето имот на Фондот** | | 405,825,230 | 347,615,303 |

Белешките кон финансиските извештаи претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи

Овие финансиски извештаи се изготвени и прифатени од страна на Раководството на ИЛИРИКА ФУНД МЕНАЏМЕНТ АД, Скопје на 19 август 2020 година.

Одобрено од:

Коста Костадиновски
Главен извршен директор:

ILIRIKA
Друштво за управување со инвестициски фондови ИЛИРИКА ФУНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје

**БИЛАНС НА УСПЕХ ИЛИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ДОБИВКАТА ИЛИ ЗАГУБАТА НА ФОНДОТ**
**За периодот од 1 јануари 2020 до 30 јуни 2020**
**(Во денари)**

| | Белешка | од 1 јануари 2020 до 30 јуни 2020 | од 1 јануари 2019 до 30 јуни 2019 |
|---|---|---|---|
| **Приходи од вложувања** | | | |
| Реализирани добивки од продажба на финансиски инструменти | 13 | 1,057 | 6,603 |
| Приходи од камата и амортизација на премија (дисконт) на средства со фиксно доспевање | 14 | 5,723,469 | 4,350,984 |
| Позитивни курсни разлики од монетарни финансиски инструменти | 15 | 54 | 69 |
| Останати приходи | | 123,041,170 | - |
| **Вкупно приходи од вложувања** | | 128,765,750 | 4,357,656 |
| **Расходи** | | | |
| Реализирани загуби од продажба на финансиски инструменти | 13 | (1,146) | (1,605) |
| Негативни курсни разлики од монетарни финансиски инструменти | 15 | (128) | (182) |
| Расходи од односите со друштвото за управување | 16 | (1,694,606) | (1,146,005) |
| Надоместок на депозитарната банка | 17 | (633,740) | (429,753) |
| Останати дозволени трошоци на Фондот | 18 | (123,405,839) | (258,913) |
| **Вкупно расходи** | | (125,735,459) | (1,836,458) |
| **Нето добивка / (загуба) од вложувања во хартии од вредност** | | 3,030,291 | 2,521,198 |
| **Нереализирани добивки / (загуби) од вложувања во хартии од вредност и деривативни инструменти** | | | |
| Нереализирани добивки / (загуби) на вложувањата во финансиски инструменти | 19 | 249,002 | 240,163 |
| Нето курсни разлики од вложувања во хартии од вредност | | 184,075 | 59,023 |
| **Вкупно нереализирани добивки/ (загуби) од вложувања во хартии од вредност и деривативни инструменти** | | 433,077 | 299,186 |
| **Нето зголемување / (намалување) на нето имотот од работењето на Фондот** | | 3,463,368 | 2,820,384 |

Белешките кон финансиските извештаи претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ НА НЕТО – ИМОТОТ**
**За периодот од 1 јануари 2020 до 30 јуни 2020**
**(Во денари)**

| | од 1 јануари 2020 до 30 јуни 2020 | од 1 јануари 2019 до 30 јуни 2019 |
|---|---|---|
| **Зголемување / (намалување) на нето-имотот од работењето на Фондот** | | |
| Нето добивка од вложувања во хартии од вредност | 3,030,291 | 2,521,198 |
| Вкупно нереализирани добивки од вложувања во хартии од вредност и деривативни инструменти | 433,077 | 299,186 |
| **Зголемување / (намалување) на нето-имотот од работењето на Фондот** | 3,463,368 | 2,820,384 |
| Приливи од продажба на издадени документи за удел / акции на Фондот | 1,112,468,289 | 600,610,891 |
| Одливи од повлекување на удели / акции на Фондот | (1,059,373,292) | (583,072,189) |
| **Вкупно зголемување / (намалување) од трансакции со акции / удели на Фондот** | 53,094,997 | 17,538,702 |
| **Вкупно зголемување / (намалување) на нето-имотот** | 56,558,365 | 20,359,086 |
| **Нето-имот** | | |
| На почетокот на периодот | 347,041,802 | 201,605,255 |
| На крајот на периодот | 403,600,167 | 221,964,341 |
| **Број на издадени / (повлечени) удели на Фондот** | | |
| Издадени удели / акции на Фондот во периодот | 7,746,034 | 5,767,329 |
| Повлечени удели / акции на Фондот во периодот | (7,409,777) | (5,579,529) |
| **Број на удели / акции на Фондот** | 336,257 | 187,800 |

Белешките кон финансиските извештаи
претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ**
**За периодот од 1 јануари 2020 до 30 јуни 2020**
**(Во денари)**

| | Белешка | од 1 јануари 2020 до 30 јуни 2020 | од 1 јануари 2019 до 30 јуни 2019 |
|---|---|---|---|
| **Парични текови од редовно работење** | | | |
| Добивка или загуба | | 3,463,368 | 2,820,384 |
| **Усогласувања за:** | | | |
| Приходи од камата | | (5,723,469) | (4,350,984) |
| **Намалување на финансискиот имот:** | | | |
| Зголемување (намалување) на вложувањата во преносливи хартии од вредност | | 552,245 | (6,505,618) |
| Зголемување (намалување) на вложувањата во инструменти на пазарот на пари | | (55,500,000) | (11,975,000) |
| Приливи од камата | | 5,723,469 | 4,350,984 |
| Зголемување (намалување) на останатиот имот | | (1,843,144) | (1,894,219) |
| Зголемување (намалување) на обврските спрема друштвото за управување и депозитарната банка | | (78,572) | 89,869 |
| Зголемување (намалување) на останатите обврски од редовното работење | | 1,730,134 | (372,287) |
| **Паричен тек од редовното работење** | | (51,675,969) | (17,836,871) |
| **Парични текови од финансиски активности** | | | |
| Приливи од издавање на удели | | 1,112,468,289 | 600,610,891 |
| Одливи од откуп на удели | | (1,059,373,292) | (583,072,189) |
| **Паричен тек од финансиски активности** | | 53,094,997 | 17,538,702 |
| **Нето зголемување / (намалување) на пари** | | 1,419,028 | (298,169) |
| Пари на почеток на периодот | | 289,796 | 620,281 |
| **Пари на крај на периодот** | | 1,708,824 | 322,112 |

Белешките кон финансиските извештаи
претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи